

# Услуга за помош и нега во домот

## Тука ќе добиете информации како да добиете помош и нега во домот

Република Северна Македонија

**Министерство за труд и социјална политика**

ЕУ со ТЕБЕ

ПОДДРШКА НА МОДЕРНИЗАЦИЈАТА И ДЕИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈАТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ

Направено во рамките на проектот финансиран од ЕУ „Поддршка на модернизацијата и деинституционализацијата на социјалните услуги“ - Europe Aid/139649/DH/SER/MK.

## ❖ Добре дојдовте!



**Од овој документ можете да добиете информации како да добиете негувател/негувателка што ќе Ви помогне да ги вршите работите дома.**



Правото на користење помош и нега во домот е уредено со Законот за социјална заштита.

Има **Правилник** за помош и нега во домот. Тој објаснува што значи помош и нега во домот и како да се добие оваа поддршка.



**Важно е да ги знаете Вашите права!**

## ❖ Зошто постои оваа услуга?

Услугата се користи да му помогне на лицето да ја стекне, да ја врати или да ја одржи способноста да се грижи за себе.



Целта на услугата е да му се помогне на лицето да може да продолжи да живее во својот дом самостојно.

## ❖ За кого е наменета услугата за помош и нега во домот?

За лица со најтешка попреченост.



Лица со највисок степен на комбинирана попреченост.

Лица со целосно оштетување на видот.



Лица кои не можат самостојно да функционираат, а имаат 65 или повеќе години.



Сите други лица кои не припаѓаат во овие категории, но не можат самостојно да функционираат.









## ❖ Кој може да ја добие оваа помош?

Секое лице што:

- припаѓа во една од горенаведените категории



- живее сам/сама или во заедница со едно или повеќе лица кои не можат да обезбедат целосна грижа поради болест, возраст или работа

- нема склучено договор за доживотна издршка со трето лице

**Договор за доживотна издршка** е договор во писмена форма, со кој едно лице се согласува да се грижи за друго лице до моментот на неговата смрт. За возврат, лицето кое се грижело ќе добие нешто во сопственост. Најчесто договорите за доживотна издршка се прават за добивање на недвижен имот (стан, куќа, плац, викендичка).



## ❖ Што опфаќа правото на помош и нега во домот?

Помош од негувател/негувателка, кој/која му помага на лицето во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот.



Во текстот подолу ќе биде точно објаснета оваа помош.

## ❖ Помош од негувателот/негувателката во вршење основни активности од секојдневниот живот

Одржување лична хигиена (вклучувајќи капење, бричење, сечење нокти).



Облекување, пресоблекување.



Одење во тоалет и користење на тоалетот.



Движење низ домот.



Хранење.



## ❖ Помош од негувателот/негувателката во вршење инструментални активности

Ве поддржува во чистењето на куќата, вршење мали поправки и контактирање сервис за поголеми проблеми.



Ве поддржува при планирање, подготвување, загревање и послужување оброци и пијалоци.



Ве поддржува при перење, сушење и пеглање алишта и одржување обувки.



Ве поддржува при местење кревет и промена на постелнина.



Ве поддржува при движење надвор од домот, користење јавен превоз, такси и слично.



Ве поддржува при навремено земање лекови и во точна доза.



Ве поддржува при мерење притисок, шеќер во крв, температура и слично.



Ве поддржува при користење телефон и други уреди, помош при наоѓање и бирање броеви, јавување на телефон, користење радио, телевизор, компјутер и слично.



Ве поддржува при управување на буџетот:



- набавки од маркет
- купување лекови од аптека
- плаќање сметки (за струја, вода, телефон).
- одење во банка.




**Забелешка**: Доколку Ви треба поддршка од Вашиот/Вашата негувател/негувателка, трошоците ќе бидат покриени од Вашиот личен буџет.



## ❖ Важни информации

**Можете да добиете помош најмногу до 80 часа месечно.**
Центарот за социјална работа ќе донесе решение со кое ќе каже колку часови и каков вид поддршка Ви се потребни, најмногу до 4 часа во текот на денот.



Решението се носи врз основа на Вашите потреби.

## ❖ Ваша обврска е да се однесувате кон негувателот/негувателката со почит и достоинство

Негувателот/негувателката доаѓа за да Ви помогне да извршите работи кои не можете да ги направите самостојно.



Негувателот/негувателката ќе биде со Вас во часовите кои сте ги договориле.



Негувателот/негувателката не може да остане подолго време од договореното.

Негувателот/негувателката има право на кратки паузи.

Доколку сакате можете да понудите на негувателот/негувателката нешто за пиење или освежување.



Кога комуницирате со негувателот/негувателката не смеете да викате или да навредувате.

## ❖ Поплака на работењето на негувателот/негувателката

Можете да поднесете поплака против негувателот/ негувателката што Ви помага доколку тој/таа:



- често доцни или не доаѓа во договореното време



- не Ви помага во работите за кои е испратен/испратена
- прави работи во домот без Ваше знаење



- се однесува непристојно, се расправа, Ве навредува или физички Ве напаѓа.





Ние можеме да Ви помогнеме да поднесете поплака.



На крајот на документот се наоѓа листа на контакти кои можете да ги искористите за помош.

## ❖ Како да поднесете барање за услугата помош и нега во домот?

Барањето се поднесува во Центарот за социјална работа во местото каде што живеете според Вашата лична карта.



Барањето можете да го поднесете лично или да побарате помош од давателот на услуга во Вашето место на живеење.

Заедно со барањето, се поднесуваат и следните документи:

Важечка лична карта



Ваша медицинска документација



- ако живеете во заедница со други луѓе – медицинската документација и други документи со кои се докажува дека и тие лица не можат да Ви помагаат

Изјава која се дава на нотар или во самиот Центар за социјална работа – дека немате склучено договор за доживотна издршка со трето лице.



**Важно:**

Доколку не сте сигурни кои документи треба да ги поднесете, контактирајте нè на контактите подолу.

Доколку одлучите да дадете изјава на нотар или да заверите други документи, важно е да знаете дека постапката пред нотар се наплаќа.



Постапката пред Центарот за социјална работа е бесплатна.

## ❖ За колку време ќе ја добиете помошта од негувателот/негувателката?

Ако ги исполнувате условите и ако добиете позитивно решение од Центарот за социјална работа на Вашето барање, Вие можете да одберете давател на услугата или давателот ќе Ви биде назначен. Можеби ќе бидете на листа на чекање.



Кога ќе Ви биде назначен негувател/негувателка, ќе се сретнете со него/неа и ќе се договорите:



- кои услуги ќе Ви ги понуди негувателот/негувателката.
- кога и во кои денови од неделата ќе Ви помага.

## ❖ Што ако вашето барање за помош и нега во домот е одбиено?

Доколку добиете решение со кое Вашето барање се одбива, имате право на жалба.



**Жалба –** е документ во писмена форма, кој го поднесувате против решението за одбиено барање. Контактирајте нè ако имате потреба од помош.

## Контакти за дополнителни информации:

**Лого на организацијата** **Име и контакт информации за организацијата**

## Надлежен центар за социјална работа:

Додајте име и контакт информации за центрите за социјална работа

Република Северна Македонија
Министерство за труд
и социјална политика

ЕУ со ТЕБЕ

Проектот е имплементиран од:

Автори: Маја Атанасова и Мариа Маринакоу

© European Easy-to-Read Logo: Inclusion Europe. More information at www.inclusion-europe.eu/easy-to-read

***Напомена:*** Содржината на овој документ е во целосна одговорност на ЕПТИСА и партнерите на конзорциум и никако не ги отсликува мислењата на Европската Унија.